Република Северна Македонија
Државно правобранителство на
Република Северна Македонија

Republika e Maqedonisë së Veriut
Avokatura e Shtetit e Republikës
së Maqedonisë së Veriut

Бр. 02-1214/2
09.11.2023 година
С к о п ј е

Државно правобранителство
на Република Северна Македонија
Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје
Тел.02/3230-214,3230-217
Фах. 02/3229-351
e-mail. dpskopje@dprm.gov.mk

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за административни службеници („ Службен весник на Република Македонија " број 27/14.199/14, 48/15, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/19, 14/20,215/21 и 99/22) а во врска со член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавага за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" број 11/15 и 35/2018 и Службен весник на РСМ бр.303/20), и Правилникот за систематизација на работните места и Измените на правилникот за систематизација на работните места во Државното правобранителство на Република Македонија објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 4/2023**
**за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Државпото правобранителство на Република Северна Македонија**

Државното правобранителство на Република Северна Македонија објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за пополнување на следново работно место:

**1.Работно место: УПР 01 01 Б01 000 Државен советннк за правни прашања**
**Број на извршители:...................(1) извршнтел.**

**Општи услови :**
-да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен ,
- да има општа здравствена способност за работното место ,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија ,дејност или должност.

**Посебни услови:**
**Стручни квалификации :**

-ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
-вид на образование:Правни науки

**Работно искуство** : за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор ,односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.

**Општи работни компетенции на напредно ниво:**
-учење и развој
-Решавање на проблеми и одлучување на работи од својот делокруг
-комуникација
-остварување резултати
-работење со други /тимска работа
-стратешка свест
-ориентираност кон клиенти /засегнати страни
-раководење
-финансиско управување

**Посебни работни компетенции:**
-Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- уверение за положен правосуден испит
-доказ за положен испит за административно управување

**Распоред на работното време:**
- од понеделник до петок
- 40 часа неделно
-работно време : 7:30/8:00 до 15:30/16:30
Опис на работно време: со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот.

**Плата:**
-Паричен износ на основна нето плата изнесува 45.368,00 денари.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и со Правнлникот за систематизација на работните места во Државното правобранителство на Република Северна Македонија . како и:

-да е оценет со оцена "А" или "Б" при последното оценување,
-да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас.
-да поминал најмалку две години на тековното работно место и да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Рокот за поднесување на пријавата со доказнте трае 5 (пет) дена** од денот на објавување на веб страната на Државното правобранителство и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерен оглас со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата на Државното правобранителство на Република Македонија ја доставуваат до Секторот за управување со човечки ресурси.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови можат да ги приложат и следните докази:
Потврда за успешно реализирани обуки.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни.

**НАПОМЕНА**: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој интерен оглас.

**ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Андријана Сливоска**